# СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА

# С Т А Т У Т

Скопје, 12.09.2009 година

Социјалдемократскиот сојуз на Македонија е социјалдемократска партија, чиј политички идеал е изградба на Република Македонија како општество на слобода, еднаквост, солидарност и демократија.

Социјалдемократскиот сојуз на Македонија е дел од големото семејство на Социјалистичката интернационала.

**С Т А Т У Т**

**на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија**

## I - ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет на уредување и утврдување**

Член 1

Со овој Статут Социјалдемократскиот сојуз на Македонија ги уредува: името, седиштето на Партијата; симболот и знамето на Партијата; политичките цели на дејствување, остварување на јавноста во работата и начинот на дејствување; условите и начинот на зачленување и престанокот на членството; правата, обврските и одговорностите на членовите; застапувањето и претставувањето на Партијата; органите на Партијата, начинот на нивниот избор и отповикување, траењето на мандатот и начинот на одлучување; стекнување и располагање со средствата, престанок на Партијата, како и други прашања од интерес на членството и работењето на Партијата.

**Начела и цели**

Член 2

Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (во натамошниот текст СДСМ) е самостојна политичка Партија на слободни и одговорни членови кои дејствуваат заради остварување на следните основни политички начела и цели:

- целосно почитување на човекот, неговото достоинство и неговите права и слободи, согласно највисоките цивилизациски и демократски придобивки;
- развивање на демократијата и обезбедување еднаквост на граѓаните;
- остварување на социјална и национална еманципација на граѓаните и изградба на општество на социјална правда;
- обезбедување на економска демократија и заштита на правата од работа;
- афирмација на правата и слободите на обесправените и маргинализирани поединци и групи и за рамноправност на половите;
- развивање на пазарно и ефикасно стопанство и создавање услови за рамноправност на стопанските субјекти;
- натамошна изградба на Република Македонија како суверена, демократска и правна држава;
- остварување на темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија;
- негување на културните вредности и историските придобивки на Македонија и на заедниците коишто живеат во нејзините граници;
- втемелување и примена на европските вредности во Македонија и нејзино непосредно вклучување во европските и евроатланските интеграциони процеси;
- почитување на антифашизмот како цивилизациска придобивка на современиот свет;
- настојување за обезбедување на правата и слободите гарантирани со меѓународните документи за Македонците во соседните земји и развивање на постојана културна и духовна комуникација со нив и со иселениците.

Основните начела и цели од став 1 подробно се разработуваат во Програмската декларација и во други документи што се донесуваат во рамките на политичкото дејствување на СДСМ.

**Делување, назив и симболи, јавност, застапување и претставување**

Член 3

Во остварувањето на политичките начела и цели, СДСМ се користи со демократски и ненасилни парламентарни и вонпарламентарни средства. Социјалдемократскиот сојуз на Македонија енергично ги отфрла сите обиди за користење на недемократски, тоталитарни или други насилни методи.

Член 4

Врз основа на одлука на овластените органи, СДСМ може да стапува во коалиција или да воспоставува други видови на соработка со други политички партии и да остварува меѓународна соработка која не е во спротивност со законот.

Социјалдемократскиот сојуз на Македонија соработува со партиите во Македонија, како и во меѓународната заедница, особено со оние коишто имаат блиски програмски и политички определби и цели.

СДСМ е полноправен член на Социјалистичката интернационала и асоцијативен член на Партијата на европски социјалисти.

Член 5

Полниот назив на Партијата е: Социјалдемократски сојуз на Македонија. Освен целосното име на Партијата, во политичката активност и во правниот промет ќе се користи и кратенка од името на Партијата (СДСМ).

Член 6

Социјалдемократскиот сојуз на Македонија е правно лице, со седиште во Скопје, на ул. "Бихаќка" бр.8.

Претседателот на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија ја претставува и застапува Партијата во рамките на нејзината редовна активност, а вон тоа со посебна одлука на Извршниот одбор на Централниот одбор.

Со посебна одлука на Извршниот одбор, СДСМ може да го претставува и застапува и друг член на Извршниот одбор.

Лицата кои со овој Статут се овластени да го застапуваат СДСМ можат, во границите на нивните овластувања, да овластат и трети лица како застапници.

Член 7

Партијата има тркалезен печат, со пречник од 3 сантиметри, во чија средина се наоѓа ѕвезда петокрака со роза и на чии рабови е испишано името „Социјалдемократски сојуз на Македонија".

Партијата има знак кој се состои од жолта ѕвезда - петокрака, врз сина основа,,која во средината има стилизирана црвена роза во форма на стисната дланка.

Покрај знакот од претходниот став може да се користи и кратенката од називот на Партијата (СДСМ).

Знамето на Партијата е правоаголно, со сина боја и димензии во однос 1:2, а во неговиот горен лев агол е поставен знакот на партијата од ставовите 2 и 3 на овој член.

Во комуникацијата може да се користи синтагмата македонски социјалдемократи.

Празник на Партијата е 20 Април, денот на нејзиното формирање.

Партијата има своја химна.

Користењето и чувањето на печатот, знакот, знамето и химната се уредува со посебна одлука на Централниот одбор.

Член 8

Работата на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија е јавна. Јавноста во работата ја остварува преку своите облици на организационо дејствување, органи и работни тела, Пратеничката и советничките групи, министрите, замениците - министри и градоначалниците избрани од листата на СДСМ; преку поединечната активност на своите членови, соработката со други политички и неполитички здруженија и организации, преку разни видови на влијанија врз јавното мислење, како и низ други форми и начини што му се примерени на демократското уредување на општеството и на Партијата.

За остварување на начелото на јавност во работата се грижи и е одговорен Извршниот Одбор на Централниот одбор на партијата.

## II - ЧЛЕНСТВО

### Услови и начин на зачленување

Член 9

Член на СДСМ може да биде секој полнолетен граѓанин - државјанин на Република Македонија, кој ќе даде изјава за доброволно членство во Партијата и кој ги прифаќа одредбите од овој Статут и Програмската декларација.

Потпишаната изјава за пристапување во СДСМ (пристапница), подносителот ја доставува до општинската организација на СДСМ или до некој од повисоките органи на СДСМ.

Ако пристапницата е доставена до општинската организација, тогаш таа на првиот состанок на Извршниот одбор го верифицира пристапувањето, а ако пристапницата е доставена до повисоките органи, тие ја праќаат до општинската организација во којашто живее граѓанинот и таа на својот прв состанок на Извршниот одбор го верифицира приемот на членот. Извршниот одбор е должен да обезбеди мислење од Месната организација.

Во исклучителни ситуации, граѓаните кои немаат услови да дејствуваат во рамките на некоја од општинските организации на СДСМ, можат да ја достават својата изјава за пристапување до кој било орган на СДСМ, кој, по верифицирањето на нивното членство, ќе ги извести дека се членови на СДСМ.

Пристапувањето на нов член може да го оспори Извршниот одбор на СДСМ, кој приговорот го доставува до органот кој ја извршил верификацијата во рок од 30 дена, од денот на доставување на податоците за прием во единствената база на податоци. Органот кој извршил верификување решава по приговорот во рок од 15 дена од неговиот прием.

Незадоволната страна од одлуката на приговорот има право на жалба. Жалбата се поднесува до Надзорниот одбор на СДСМ во рок од 30 дена, од денот на доставувањето на одлуката.

Доколку општинската организација не изврши верификација на пристапувањето во рок од 30 дена од доставувањето на изјава за пристапување, подносителот има право на жалба до Надзорниот одбор на СДСМ.

Одлуките на Надзорниот одбор на СДСМ се конечни.

За евиденцијата на членството и за членарината се води единствена база на податоци, која се уредува со посебен Правилник од страна на ЦО на СДСМ.

Член 10

Во политичкото делување на СДСМ, покрај членовите, можат да соработуваат и партиски неопределени лица - симпатизери на партијата и поддржувачи (пријатели) на партијата.

Начинот на нивното учество на седници на органите и во работните тела на партијата се уредува со Одлука на ЦО на СДСМ.

**Права и обврски на членовите**

Член 11

Членот на СДСМ ги има следните права и обврски:

- да учествува во градењето и остварувањето на политиката на Партијата;
- самостојно да презема иницијативи кои не се спротивни на овој Статут и на основните програмски и политички ставови на Партијата;
- да избира и да биде избран во сите органи на Партијата;
- да биде кандидат на партиските листи за парламентарните, претседателските и локалните избори;
- да биде редовно информиран за активностите на Партијата и критички да се осврнува врз нив;
- да прима солидарна помош од Партијата, во согласност со посебните акти, особено во случај на повреди на неговите права поради членување во неа; својата активност да ја извршува во согласност со Статутут;
- да ги издвои сопственото мислење, предлози и ставови со кои останува во малцинство при расправата и во донесувањето одлуки, согласно член 66;
- да има пристап до информациите на web-страницата на СДСМ наменета само за членовите;
- теоретски и практично да се оспособува за политичко делување, организирано од страна на СДСМ;
- пред надлежните органи и во согласност со овој Статут да ги заштити своите права.

**Членарина**

Член 12

Членот е должен редовно да плаќа членарина.

Членот кој остварува примања кои произлегуваат од мандатот добиен од СДСМ, а не се однесувааат на редовните примања, плаќа дополнителна членарина.

Членот може да дава материјална поддршка на СДСМ во облик на прилози, донации и сл.

Заради давање на материјална поддршка на СДСМ не може да се остваруваат дополнителни или посебни права.

Со посебна Одлука на Централниот одбор се одредуваат обврските и правата од претходните ставови, како и категориите на членови кои се ослободени од обврската за плаќањето членарина.

Член 13

Членот кој не платил членарина за 6 или повеќе месеци не може да биде избран за извршување на функција во органите на партијата, ниту кандидат на локални и државни функции.

Пред истекот на рокот од ставот 1, Општинската организација е должна членот писмено да го извести за неисполнетата обврска.

Членот кој не платил членарина за 6 или повеќе месеци, освен оние кои се ослободени, привремено го губи правото на одлучување.

Доколку во меѓувреме членот ги подмирил во целост обврските за плаќање на членарина, повторно се стекнува со сите права на одлучување и кандидирање.

Член 14

Општинските организации имаат обврска на секои 3 месеци да поднесуваат Извештај за состојбата за плаќањето на членарината до секретарот на СДСМ.

**Престанок на членство**

Член 15

Членувањето во СДСМ престанува со:

1. истапување од Партијата со потпишување на писмена изјава;

2.бришење од евиденцијата;

3.одлука за исклучување, поради:

- зачленување во друга политичка партија,

-кандидирање како независен кандидат или кандидат на листа на друга политичка партија, без согласност на СДСМ,

-прифаќање на кандидатура за функција или функција во законодавната, извршната или локалната власт од страна на друга политичка партија, без согласност на СДСМ,

- работење и дејствување спротивно на Статутот и Програмата на СДСМ,

-непочитување на Одлуките и ставовите на органите на СДСМ,

- работење и дејствување со кое му нанесува штета на угледот на СДСМ.

Член 16

Членот се брише од евиденцијата откако ќе се констатира дека дванаесет месеци не плаќа членарина. Одлука за бришење од евиденцијата донесува Извршниот одбор на Општинската организација на СДСМ. Одлуката задолжително му се доставува на членот, во писмен облик.

На одлуката за бришење од евиденцијата членот може во рок од 8 дена да поднесе жалба до Надзорниот одбор на СДСМ, кој е должен во рок од 15 дена да донесе одлука.

До донесување на одлуката на Надзорниот одбор правата и должностите на членот мируваат. Одлуката на Надзорниот одбор е конечна.

Член 17

По престанокот на членството со бришење од евиденцијата, членот има право на повторно зачленување во СДСМ во рок од шест месеци од денот на донесување одлука за бришење од евиденцијата, доколку претходно го подмири долгот за членарината.

Со подмирувањето на членарината и враќањето во евиденцијата на членовите, се смета дека има континуитет на членувањето во СДСМ.

Член 18

За донесување на одлука за исклучување се спроведува постапка, во која соодветниот орган на СДСМ може да изрече опомена или да донесе одлука за исклучување од СДСМ.

Опомена може да се изрече за помали облици на повреда со кои е нанесена мала штета на партијата.

Исклучување на членот може да се изрече за потешки облици на повреда со кои е нанесена значителна штета на партијата.

Член 19

Одлука за опомена односно одлука за исклучување донесува Извршниот Одбор на Општинската организација или Централниот одбор на СДСМ.

Извршниот одбор на Општинската организација одлучува за членови и функционери од неговата општинска организација, кои се избрани на локално ниво.

Централниот одбор на СДСМ одлучува за членови на Централниот одбор на СДСМ, неговиот Извршен одбор, за членови на Пратеничката група и за членови во извршната власт, градоначалниците, како и за носители на функции избрани или именувани од законодавната или извршната власт.

Во постапката за исклучување мораат да се приложат докази (документи и изјави). Основ за донесување на одлука е усната расправа.

На усната расправа задолжително се повикува членот против кого се води постапката за исклучување и тоа во сите степени на постапката. Извршниот одбор на Општинската организација и на ЦО на СДСМ, пред кои се води постапката, дозволуваат присуство на член по барање на членот за кој се води постапка, кој би бил негова потпора во постапката.

На расправа се води записник.

Член 20

Одлуките кои се носат во постапката за исклучување мораат да бидат во писмена форма, со образложение и поука за жалба.

Одлуката задолжително се доставува до членот, за кој се водела постапка за исклучување.

Членот во рок од 15 дена од денот на доставување на Одлуката има право на жалба до Надзорниот одбор на СДСМ.

Со Одлуката на Надзорниот одбор може да се потврди, преиначи или укине претходната Одлуката на

Извршниот одбор на Општинската организација или на ЦО на СДСМ.

Одлуката на Надзорниот одбор е конечна.

Член 21

Исклучениот член може да поднесе барање за повторен прием во партијата до Надзорниот одбор на СДСМ по претходно прибавено мислење од органот кој ја донел одлуката за исклучување.

Барање за повторен прием не може да се поднесе пред истекот на 1 година од денот кога е донесена конечната Одлука за исклучување.

Надзорниот одбор на СДСМ е должен во рок од 60 дена, од денот на поднесување на барањето за повторен прием, да донесе Одлука.

## III – ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА И ОРГАНИ НА СДСМ

Член 22

Членството на СДСМ територијално е организирано во следните облици на дејствување:

- Социјалдемократски сојуз на Македонија
- Општинска организација на СДСМ
- Месен одбор на СДСМ

Членовите на СДСМ може да се организираат и во интересовни облици (млади, жени или слично). Одлуката за нивно формирање ја донесува ЦО на СДСМ.

### III.1 Социјалдемократски сојуз на Македонија

Член 23

Органи на СДСМ се:

- Конгрес
- Централен одбор
- Претседател и
- Надзорен одбор.

### Конгрес на СДСМ

Член 24

Конгресот на СДСМ го сочинуваат:

- по 1 делегат на определен број членови од општинските организации на СДСМ, утврден со одлуката за свикување на Конгресот.

-претседателот на СДСМ;

-секретарот на СДСМ;

-членовите на Централниот одбор на СДСМ и на Надзорниот одбор на СДСМ;

-претседателите на општинските организации, членовите на Градски одбор на Градската организација на СДСМ-Скопје, претседателот на СДММ и координаторот на Клуб на жени, односно вршителите на овие функции во моментот на одржувањето на Конгресот;

- членовите на Пратеничката група на СДСМ, министрите и замениците-министри избрани од листата на СДСМ;

- градоначалниците од редовите на СДСМ.

Член 25

Конгресот на СДСМ е највисок орган на СДСМ.

Мандатот на делегатите на Конгресот трае 4 години.

Мандатот на делегатите со кои се прават измени и дополнување во составот на Конгресот е во рамките на четиригодишниот мандат на целиот Конгрес.

Член 26

Конгресот се состанува секоја четврта година на изборна седница.

Конгресот се свикува задолжително пред парламентарните и претседателските избори заради утврдување кандидати за изборите и по парламентарните, претседателските и локалните избори заради анализа на изборните резултати и изјаснување за довербата на органите на СДСМ, избрани од Конгресот, со оглед на изборните резултати.

Одлука за свикување на Конгресот носи Централниот одбор.

Конгресот, пред рокот утврден со овој Статут, се свикува на барање на претседателот на СДСМ, најмалку 1/3 од членовите на ЦО СДСМ, Надзорниот одбор на СДСМ или најмалку 1/3 од општинските организации на СДСМ. Предлогот за свикување на Конгресот пред рокот утврден со овој Статут треба да содржи дневен ред со образложение.

Конгресот на СДСМ може да го свика и Надзорниот одбор или претседателот на СДСМ доколку Централниот одбор во рок од 2 месеца не постапи во согласност со став 2 и 4 на овој член.

Одлуката за свикување на Конгресот се објавува најмалку 15 дена пред денот на одржувањето.

Кога Конгресот се свикува во смисла на став 2, 4 и 5 на овој член рокот за објавување може да биде и пократок.

Член 27

Конгресот на СДСМ:

- донесува Програма и Статут на СДСМ;
- го одобрува извештајот за работата на органите меѓу 2 изборни седници - конгреса;
- го утврдува бројот на членовите на органите и носителите на функции на СДСМ;
- избира претседател на СДСМ;
- во исклучителни случаи избира вршител на должност претседател на СДСМ со мандат што ќе го утврди Конгресот;
- избира членови на Централниот одбор на СДСМ;
- избира членови на Надзорниот одбор на СДСМ;
- утврдува кандидати за учество на претседателските и на парламентарните избори;
- донесува одлука за изборни коалицирања;
- утврдува изборна програма на СДСМ.
- донесува деловник за својата работа;
- ја утврдува одговорноста на носителите на функции што ги избира;
- по потреба, разгледува и други прашања сврзани со работата на СДСМ.

**Централен одбор на СДСМ**

Член 28

Централниот одбор на СДСМ го сочинуваат:

- претседателот на СДСМ;
-70-90 члена на Централниот одбор што ги избира Конгресот.

Манадатот на членовите на Централниот одбор трае 4 години, со право на повторен избор.

Член 29

Централниот одбор на СДСМ е највисок орган на СДСМ меѓу 2 конгреса кој:

- раководи со СДСМ меѓу два конгреса и се грижи за извршување на неговите одлуки;
- дава политички оценки и утврдува политички ставови на СДСМ;
- избира секретар на СДСМ од својот состав;
- избира 15-17 члена на Извршниот одбор на Централниот одбор на СДСМ;
- избира еден или повеќе потпретседатели на Централниот одбор, од својот состав;
- избира организационен секретар од својот состав;
- избира секретар за меѓународна соработка од својот состав или надвор од него;
- избира Претседавач на Централниот одбор од своите членови со мандат од 1 година, без право на повторен избор, на предлог на Извршниот одбор;
- избира претседател на Советот на СДСМ;
- донесува Правилник за работа на регионалните координатори;
- донесува одлуки за основање на интересовни облици на организирање и нивно членство на републичко ниво;
-го донесува Кодексот за однесување на функционерите;
- решава по жалби на одлуките на Извршните одбори на општинските организации;
- донесува одлука за распуштање на општинска организација;
- му предлага на Конгресот кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија и за претседател на државата, како и кандидати за органите на СДСМ;
- тргнувајќи од програмските определби за соодветно почитување на релевантните критериуми во процесот на кандидирање, се грижи за парламентарните и претседателските избори;

- донесува одлука за распишување на внатрепартиските избори и во Правилник ги утврдува критериумите и постапката за избор на членовите и органите;

- ја утврдува одговорноста на носителите на функции што ги избира;

- ги разгледува и утврдува годишните финансиски планови и извештаите за деловната политика на СДСМ;

- ги утврдува начинот и облиците на материјална поддршка на Партијата во смисла на член 12 став 1, 2 и 3.;

- ја води финансиската политика на СДСМ и управува со нејзиниот имот;

- формира Фонд за солидарност, чии надлежности ги утврдува со посебен Правилник;

- именува директор на Центарот за истражување и анализа, со мандат од 4 години, а неговите надлежности се утврдуваат со посебна одлука на Централниот одбор;

- именува директор за издавачка дејност и комуникации со јавноста, со мандат од 4 години, а неговите надлежности се утврдуваат со посебна одлука на Централниот одбор;

- основа постојани и повремени работни тела (одбори, комисии, проектни групи) чиј делокруг на работа се утврдува со одлуката за нивно основање;

- донесува одлуки за основање на посебни служби на СДСМ и други облици за вршење на својата дејност;

- донесува акт за висината и начинот на плаќањето на партиската членарина;

- донесува деловник за својата работа;

- избира Шеф на Изборен штаб;

- по потреба, решава и за други прашања сврзани со работата на СДСМ кои со Статутот или со друг општ акт не се ставени во надлежност на друг орган на СДСМ,

Член 30

Седниците на Централниот одбор се одржуваат по потреба, а најмалку еднаш на секои три месеци.

Седниците на Централниот одбор ги свикува и ги води претседавачатот на Централниот одбор на барање на Претседателот на СДСМ, Извршниот одбор на СДСМ или 1/3 од членовите на ЦО и е должен на дневен ред да ги стави точките кои ги бара подносителот.

Ако претседавачот на ЦО во рок од 7 дена не постапи по барањето од ставот 2, Централниот одбор може да биде свикан и од подносителот на барањето, кој тогаш ја припрема и раководи со седницата на ЦО.

Во случај на отсуство на претседавачот, седниците може да ги свикува претседателот или секретарот согласно став 2 на овој член.

На седниците на Централниот одбор се покануваат претседателот на Надзорниот одбор, Секретарот за меѓународна соработка, ако не е од редот на избраните членови на ЦО, членовите на Пратеничката група, министрите, замениците-министри избрани од листата на СДСМ, претседателот на ЗЕЛС, доколку е од редовите на СДСМ, Претседателот на Градската организација на СДСМ - Скопје, Градоначалниците на општините од редовите на СДСМ, претседателот, потпретседателите и генералниот секретар на СДММ и координаторот на Клубот на жени, без право на одлучување.

**Претседател на СДСМ**

Член 31

Претседателот на СДСМ:

- го претставува и застапува СДСМ;

- раководи со СДСМ меѓу седниците на неговите органи;

- учествува во градењето на политиката на СДСМ;

- ги свикува седниците на Централниот одбор, доколку на негово барање тоа не го направи Претседавачот на Централниот одбор.

- ги свикува седниците на Извршниот одбор,

- извршува и други работи што му се ставени во надлежност со општите акти и со посебните одлуки на органите на СДСМ.

Мандатот на претседателот на СДСМ трае 4 години, со право на повторен избор.

**Извршен одбор на Централниот одбор на СДСМ**

Член 32

Извршниот одбор на Централниот одбор на СДСМ го сочинуваат:

- претседателот на СДСМ;

- секретарот на СДСМ;

- потпретседателите на Централниот одбор;

- организациониот секретар;

- 15 - 17 члена што ги избира Централниот одбор од својот состав и

- секретарот за меѓународна соработка доколку е избран од составот на Централниот одбор.

Мандатот на членовите на Извршниот одбор на Централниот одбор трае 4 години, со право на повторен избор.

Член 33

Извршниот одбор на Централниот одбор е политичко-извршен орган кој:

- учествува во градењето и изразувањето на политичката волја на СДСМ;

- ги реализира заклучоците и ставовите на Централниот одбор што се однесуваат на организираноста и внатрешниот живот на СДСМ;

- ги обработува прашањата од внатрешен, организационен и кадровски карактер и е одговорен за ефикасното спроведување на професионалните работи за потребите на СДСМ;

- избира регионални координатори, по предлог на секретарот;

- утврдува кандидати за градоначалник и за советници за Советот на Градот Скопје, на предлог на Градската организација на СДСМ - Скопје;

- го води тековното финансиско и материјално работење на СДСМ и донесува соодветни одлуки и други акти;

- ги разгледува иницијативите, предлозите, мислењата и молбите што се упатени до него, односно што се однесуваат на организационите прашања на СДСМ;

- усвојува листата на кандидати за Претседател на Општинска организација и членови на Извршен и надзорен одбор на Општинската организација.

- донесува акти и ги решава сите прашања од областа на работните односи на СДСМ;

- по потреба, формира работни групи за изработка и извршување на задачите од неговата надлежност и

- донесува деловник за својата работа.

Со работата на Извршниот одбор раководи претседателот на СДСМ, односно секретарот на СДСМ или еден од потпретседателите на Централниот одбор, или член на Извршниот одбор што ќе го овласти претседателот на Партијата.

Во работата на Извршниот одбор учествуваат секретарот за меѓународна соработка, ако не е избран од редовите на ЦО, координаторот на Пратеничката група на СДСМ, Претседавачот на Централниот одбор на СДСМ, Претседателот на Надзорниот одбор на СДСМ, Претседателот на Градската организација на СДСМ – Скопје, претседателот на СДММ и координаторот на Клубот на жените, без право на одлучување. По потреба се поканууваат и други носители на партиски и јавни функции.

Член 34

Правата и надлежностите на потпретседателите на Централниот одбор на СДСМ се утврдуваат со одлука на Централниот одбор по предлог на претседателот на СДСМ.

Правата и надлежностите на организациониот секретар и секретарот за меѓународна соработка се утврдуваат со правилник на Централниот одбор.

Член 35

Функцијата организационен секретар е професионална и неспоива со која било друга јавна функција или професија.

**Секретар на СДСМ**

Член 36

Секретарот на СДСМ:

- го организира внатрепартискиот живот, се грижи за следењето и извршувањето на одлуките, ставовите и заклучоците на органите на СДСМ;

- ги подготвува седниците на органите на СДСМ;

- ја води единствената база на податоци на членовите на СДСМ;

- учествува во градењето на политиката на СДСМ;

- се грижи за кадровските прашања на СДСМ;

- се грижи за финансиското работење;

- предлага регионални координатори;

- после секоја седница на ЦО задолжително ги свикува претседателите на ОО заради информирање за заклучоците и

- дава насоки за работа на организациониот секретар.

Функцијата секретар на СДСМ е неспоива со функции во извршната власт.

Мандатот на секретарот на СДСМ трае 4 години, со право на повторен избор.

**Надзорен одбор на СДСМ**

Член 37

Надзорниот одбор на СДСМ се состои од 9 членови.

Надзорниот одбор на СДСМ, од својот состав, избира претседател и негов заменик.

Мандатот на претседателот и на членовите на Надзорниот одбор трае 4 години, со право на повторен избор.

Надзорниот одбор на СДСМ ја разгледува финансиската и деловната активност на Партијата и на сите нејзини облици на организирање; ја оценува статутарноста на актите и одлуките; дава толкување на Статутот меѓу 2 седници на Конгресот; поднесува извештај за својата работа на Конгресот и донесува деловник за својата работа.

На Надзорниот одбор му се достапни сите релевантни податоци и документи, а за тоа е одговорен Претседателот на СДСМ.

Надзорниот одбор одлучува по жалби на одлуки од ЦО СДСМ.

**Совет на СДСМ**

Член 38

Советот на СДСМ е советодавно тело и е составен од истакнати научни, културни и јавни дејци и стопанственици.

Основна задача на Советот е на Конгресот и на Централниот одбор на СДСМ да им помага во заземањето ставови за прашања од стратешка важност за работата на СДСМ.

Со работата на Советот раководи претседател што го избира Централниот одбор на СДСМ.

Мандатот на претседателот и на членовите на Советот трае 4 години, со право на повторен избор.

Членовите на Советот не мора да бидат членови на СДСМ.

Работата на Советот се регулира со посебен правилник, кој го донесува ЦО на СДСМ.

**III.2 Општинска организација на СДСМ**

Член 39

Општинската организација на СДСМ е облик на поврзување и дејствување на месните одбори, односно на членството од подрачјето на општината.

Минималниот број на членови за основање на општинска организација на СДСМ е 30 кои се истовремено и членови на конференцијата на Општинската организација на СДСМ.

Одлука за основање и престанок на дејствување на Општинска организација донесува Централниот одбор на СДСМ.

Подрачјето на дејствување на Општинската организација се поклопува со административно - територијалната поделба на Република Македонија.

Член 40

Централниот одбор на СДСМ може со своја одлука да формира регионални и други облици на поврзување и дејствување на Општинските организации, а нивните надлежности се утврдуваат со одлуката за формирање.

Член 41

Органи на Општинската организација на СДСМ се: Конференција, Претседател, Извршен одбор и Надзорен одбор.

Член 42

Конференцијата е највисок орган на Општинската организација и ја сочинуваат:

- претседателот на Општинската организација на СДСМ;
- членовите на Извршниот и на Надзорниот одбор на Општинската организација на СДСМ ;
- претседателите на Месните одбори;
- советниците на СДСМ во Советот на општината;
-членовите на Централниот одбор на СДСМ, Надзорниот одбор на СДСМ, пратениците, министрите, замениците-министри од соодветната Општинска организација на СДСМ, претседателот на ЛК СДММ, координаторот на Клуб на жени на СДСМ и градоначалникот, доколку е од редовите на СДСМ.

Член 43

Конференцијата на Општинската организација се свикува најмалку еднаш годишно, со одлука на Извршниот одбор на Општинската организација, а секоја четврта година се состанува на изборна седница.

Конференцијата се свикува задолжително пред Локалните избори, со цел да се утврдат кандидати за органите на локалната самоуправа.

Конференцијата задолжително се свикува по локалните избори заради анализа на изборните резултати и изјаснување за довербата во избраните органи на Општинската организација со оглед на изборните резултати.

Со одлука на Централниот одбор на СДСМ, конференција може да се свика и по парламентарните и претседателските избори заради анализа на изборните резултати и гласање доверба.

Извршниот одбор на Општинската организација ја свикува конференцијата и по барање на Надзорниот одбор, Претседателот на СДСМ или најмалку на 1/3 од месните одбори.

Конференцијата на Општинската организација може да ја свика и Надзорниот одбор на Општинската организација или Претседателот на СДСМ доколку Извршниот одбор во рок од 2 месеца не постапи во согласност со став 2 и став 3 од овој член.

Одлуката за свикување на конференцијата се објавува најмалку 15 дена пред денот на нејзиното одржување.

Кога конференцијата се свикува во смисла на став 2, 3 и 5 на овој член рокот за објавување може да биде и пократок.

Мандатот на делегатите за изборната седница и на седница на конференцијата на која се вршат измени, дополнувања и усогласувања согласно Статутот на СДСМ трае 4 години.

Мандатот на делегатите со кои се проширува составот на конференцијата е во рамките на четиригодишниот мандат на целата конференција.

Член 44

Конференцијата на Општинската организација:

- учествува во градењето и остварувањето на Програмата на Партијата;
- избира претседавач на Конференцијата, со мандат од една година, без право на повторен избор;
- избира Претседател на Општинската организација;
- избира членови на Извршниот одбор на Општинската организација;
- избира членови на Надзорниот одбор на Општинската организација;
- избира делегати за Конгресот - Конвенцијата на СДСМ, според одлуката за составот на Конгресот - Конвенцијата;
- доколку Општинската организација е од територијата на градот Скопје, избира членови на Градскиот одбор на Градската организација на СДСМ-Скопје, според одлуката на ИО на СДСМ
- предлага кандидати за органите на СДСМ;
- утврдува кандитати за органите на локалната самоуправа;
- еднаш годишно расправа по извештајот на Претседателот и Извршниот одбор на Општинската организација на СДСМ;
- расправа за извештаите на органите на СДСМ;
- донесува деловник за својата работа;
- по потреба, разгледува и други прашања сврзани со работата на Партијата.

Член 45

Претседателот на Општинската организација:

- ја претставува и застапува Општинската организација;
- раководи со Општинската организација меѓу седниците на Извршниот одбор;
- учествува во градењето на политиката на СДСМ;
- ги свикува и претседава со седниците на Извршниот одбор на Општинската организација;
- еднаш годишно поднесува извештај до конференцијата на Општинската организација на СДСМ;
- еднаш месечно задолжително ги свикува претседателите на Месните одбори заради информирање за заклучоците и
- извршува и други работи што му се ставени во надлежност со деловникот за работа и со посебни одлуки и акти на Извршниот одбор на Општинската организација и на другите органи на СДСМ.

Мандатот на претседателот трае 4 години, со право на повторен избор.

Член 46

Извршниот одбор на Општинската организација на СДСМ го сочинуваат:

- Претседателот на Општинската организација;

- 10 до 18 членови на Извршниот одбор што ги избира конференција.

Извршниот одбор од својот состав избира секретар на Извршниот одбор, на предлог на Претседателот на Општинската организација.

Мандатот на членовите на Извршниот одбор на Општинската организација и на секретарот на Извршниот одбор трае 4 години, со право на повторен избор.

На седниците на Извршниот одбор се поканувaат градоначалникот, доколку е од редовите на СДСМ, координаторот на советничката група на СДСМ во Советот на општината, претседавачот на Советот на општината, доколку е од редовите на СДСМ, претседателот на ЛК на СДММ, координаторот на Клубот на жени на СДСМ, регионалниот координатор задолжен за соодветната Општинска организација, претседателот на Надзорниот одбор на Општинската организација на СДСМ, членовите на Централниот одбор и Надзорниот одбор на СДСМ и пратениците од соодветната организација, без право на одлучување.

Член 47

Извршниот одбор на Општинската организација е политичко - извршен орган кој:

- раководи со Општинската организација меѓу две конференции;

- се грижи за извршување на одлуките на конференцијата и на повисоките органи на партијата;

- за време на траењето на мандатот на органите на локалната самоуправа донесува одлука за изборни коалицирања на локално ниво, по претходна консултација со ИО на ЦО на СДСМ;

- дава политички оценки и потврдува политички ставови;

- учествува во креирањето на кадровската политика на локално ниво

- донесува одлука за основање, распуштање и укинување на месен одбор;

- предлага листа на кандидати за Претседател на општинска организација, членови на Извршен и Надзорен одбор, по спроведената постапка врз основа на одлука на ЦО на СДСМ, до Извршниот одбор на СДСМ;

- донесува одлуки за основање на интересовни облици на организирање на општинско ниво;

- донесува деловник за својата работа;

-подготвува и задолжително доставува до секретарот на СДСМ Извештај за состојбата со евиденцијата на членството и членарината;

- расправа и решава за други прашања што се во негова надлежност и што произлегуваат од програмските и статутарните одредби на партијата;

- најмалку еднаш годишно расправа по извештајот на советничката група на СДСМ во Советот на општината;

- еднаш годишно поднесува извештај до конференцијата на Општинската организација.

Член 48

Седниците на Извршниот одбор ги свикува и со нив претседава претседателот на Општинската организација, односно секретарот или друг член на Извршниот одбор кога тоа е предвидено со деловникот за работа.

Седница на Извршниот одбор може да се свика и по барање на 1/3 од членовите на Извршниот одбор.

Седници на Извршниот одбор на Општинската организација на СДСМ се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш месечно.

Член 49

Правата и обврските на претседателот на Општинската организација, секретарот и на членовите на Извршниот одбор се уредуваат со деловник, врз основа на овој Статут.

Член 50

Надзорниот одбор на Општинската организација на СДСМ се состои од 5 члена.

Надзорниот одбор, од својот состав, избира претседател на одборот.

Мандатот на претседателот и на членовите на надзорниот одбор трае 4 години, со право на повторен избор.

Надзорниот одбор работи на седници кои се одржуваат по потреба, а најмалку еднаш во 3 масеци.

Седниците ги свикува и со нив претседава претседателот на надзорниот одбор.

Надзорниот одбор ја оценува статутарноста на актите и на одлуките, ја контролира финансиската и деловната активност на организацијата и на конференцијата и поднесува извештај за својата работа. Извршува и други работи предвидени со овој Статут и со одлуките на конференцијата.

На надзорниот одбор му се достапни сите релевантни податоци и документи, а за тоа е одговорен претседателот на Општинската организација.

**III.3 Месен одбор на СДСМ**

Член 51

Мес**ен одбор** на СДСМ е основен облик на политичкото дејствување во партијата и на остварување на правата и обврските на членовите што произлегуваат од овој Статут.

Член 52

Мес**ен одбор** на СДСМ е организационен облик на поврзување на сите членови од избирачкиот одбор согласно Изборниот законик.

Одлука за основање на Мес**ен одбор** донесува Извршниот одбор на Општинската организација на СДСМ, согласно Статутот на СДСМ или по барање на најмалку 5 члена на партијата, што е истовремено и минималниот број на членови за основање на Мес**ен одбор**.

По исклучок, Извршниот одбор на Општинската организација на СДСМ, по претходно добиена согласност од секретарот, може да определи територија на Мес**ен одбор** различно од ставот 1, што ќе се уреди со посебен Правилник.

Член 53

Мес**ниот одбор** се состанува редовно, најмалку еднаш во три месеци. На состаноците се води записник. Примерок од записникот се доставува до Општинската организација. За активностите и вкупното дејствување на членовите, како и за облиците на дејствување и поврзување на подрачјето на Мес**ниот одбор** се изготвува годишен извештај кој е предмет на оценка на состаноците на Мес**ниот одбор** и на органите на СДСМ.

Член 54

Членовите на Мес**ниот одбор** одржуваат изборен состанок на кој избираат претседател и секретаријат од 4 до 8 члена.

Во Мес**ните одбор** со помалку од 20 членови се избираат претседател, заменик-претседател на организацијата и благајник.

Мандатот на избраните лица трае 4 години, со право на повторен избор.

Член 55

Мес**ниот одбор** може полноважно да расправа и да одлучува ако на нејзините состаноци присуствуваат една третина од членовите на организацијата.

Одлуките, ставовите и предлозите на состаноците на месните организации се усвојуваат со мнозинство гласови од присутните.

Член 56

На подрачјето на еден или повеќе Мес**ни одбори**, со одлука на Извршниот одбор на Општинската организација, како облик на собирање на членството и симпатизерите се организира постојана трибина - демократски форум.

Трибината - демократскиот форум е облик преку кој се информира членството за партиската активност, за одлуките на организациите и органите и форма преку која членовите можат да влијаат врз работата и активностите на СДСМ. На трибината не се донесуваат одлуки.

На трибините присуствуваат и за активностите на СДСМ информираат членовите на органите на СДСМ од подрачјето или општината за кои се организираат трибините. На нив може да се покануваат и членови на органите на СДСМ задолжени за одделни области и подрачја на дејствување на СДСМ.

Член 57

Претседателот и секретаријатот на Мес**ниот одбор** се должни, во соработка со Извршниот одбор на Општинската организација, да обезбедат услови за остварување на правата и обврските на членовите што произлегуваат од овој Статут.

Член 58

За оперативно дејствување, во рамките на Мес**ниот одбор** се формираат месни пододбори согласно Правилник кој го донесува Извршниот одбор на ЦО.

**III.4 Градска организација на СДСМ - Скопје**

Член 59

**Градска организација** на СДСМ - Скопје е координативен облик на организирање и дејствување на Општинските организации на СДСМ на територијата на град Скопје.

Подрачјето на дејствување на Градската организација се поклопува со подрачјето на град Скопје, согласно административно-територијалната поделба на Република Македонија.

Одлука за нејзино основање и престанок на дејствување донесува Централниот одбор на СДСМ.

Член 60

Органи на **Градската организација** на СДСМ - Скопје се: Градски одбор на СДСМ – Скопје и Претседател.

Член 61

Градскиот одбор на СДСМ - Скопје го сочинуваат:

- претседателот на Градскиот одбор на СДСМ - Скопје;

- секретарот на Градскиот одбор на СДСМ - Скопје

-претседателите на Општинските организации на територија на град Скопје;

-членовите избрани на Конференција на Општинските организации на СДСМ на територијата на град Скопје, според одлука на ИО на СДСМ;

На седниците на Градскиот одбор на СДСМ-Скопје се поканувaат без право на одлучување и:

- градоначалникот на град Скопје доколку е од СДСМ;

- градоначалниците на општините на град Скопје од редовите на СДСМ;

- членовите на Советот на град Скопје;

- координаторите на Советничките групи на СДСМ на Советите на Локалната самоуправа на територијата на град Скопје;

-претседателот на ГО на СДММ Скопје и

- координаторот на градскиот клуб на жени на СДСМ

По потреба на седниците на Градскиот одбор на СДСМ – Скопје се поканувaат и други носители на партиски и јавни функции.

На седниците на Главниот Одбор се поканувaат и претседателите на Општинските организации кои гравитираат кон Градот Скопје.

Член 62

Градскиот одбор на СДСМ – Скопје:

- го бира Претседателот на Градскиот одбор на СДСМ – Скопје од редот на членовите избрани на Конференција на Општинските организации на територијата на град Скопје;

- го бира Секретарот на Градскиот одбор на СДСМ – Скопје од редот на членовите избрани на Конференција на Општинските организации на територијата на град Скопје;

- учествува во градењето и изразувањето на политичката волја на СДСМ на територијата на град Скопје;

- се грижи за извршување на одлуките на повисоките органи на СДСМ;

- дава политички оценки и потврдува политички ставови;

- донесува одлуки за формирање на работни тела за определени прашања и други форми на интересовно организирање на ниво на градот;

- донесува деловник за својата работа;

- Предлага кандидат за градоначалник на град Скопје до ИО на СДСМ;

- предлага листа на советници за Совет на град Скопје до ИО на СДСМ;

- најмалку еднаш годишно расправа по извештајот на Советничката група на СДСМ во Советот на град Скопје;

- расправа и решава за други прашања што се во негова надлежност, а кои произлегуваат од програмските и статутарните одредби на СДСМ;

Член 63

Претседателот на Градскиот одбор на СДСМ - Скопје:

- ја претставува и застапува **Градска организација** на СДСМ - Скопје;

- раководи со **Градска организацијата** на СДСМ - Скопје меѓу седниците на нејзините органи;

- учествува во градењето на политиката на СДСМ;

- ги свикува и претседава со седниците на Градскиот одбор на СДСМ - Скопје;

- извршува и други работи што му се ставени во надлежност со деловникот за работа и со посебни одлуки и акти на Градскиот одбор на СДСМ - Скопје.

Претседателот на Градскиот одбор на СДСМ – Скопје истовремено е и Претседател на Градската организација на СДСМ – Скопје.

Член 64

Секретарот на Градскиот одбор на СДСМ – Скопје:

-го организира внатрепартискиот живот на Градскиот одбор на СДСМ – Скопје се грижи за следењето и извршувањето на одлуките, ставовите и заклучоците на органите на СДСМ;

- ги подготвува седниците на органите на Градскиот одбор на СДСМ – Скопје;

- учествува во градењето на политиката на Градскиот одбор на СДСМ – Скопје;

- после секоја седница на Градскиот одбор на СДСМ – Скопје задолжително изготвува записник и го доставува до Секретарот на СДСМ;

Член 65

Седниците на Градскиот одбор на СДСМ – Скопје ги свикува и со нив претседава претседателот на Градскиот одбор на СДСМ - Скопје.

Член 66

Надзорниот одбор на СДСМ е и Надзорен одбор на Градската организација на СДСМ – Скопје

## IV - ОДЛУЧУВАЊЕ

Член 67

Органите на СДСМ полноважно одлучуваат ако на состаноците се присутни повеќе од половината од членовите коишто ги сочинуваат органите, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните.

Ако за исто прашање постојат повеќе предлози, за усвоен се смета оној предлог што добил мнозинство гласови од присутните

Со деловникот за работа или со посебна одлука може да се предвиди и посебна постапка за усвојување на одлуките во повеќе кругови на изјаснување, при што во процесот на изјаснување отпаѓаат предлозите со најмал број на гласови, сè додека со изјаснувањето не се утврди дали некој од предлозите добил мнозинство гласови од присутните.

Ако при изјаснувањето значително малцинство, односно најмалку 1/3 од вкупниот број членови на органот се изјасни против донесувањето на одлуката или се воздржани, донесувањето на одлуката се одложува до наредната седница на соодветниот орган и тогаш одлуката се донесува со мнозинство гласови.

Значителното малцинство од став 4 на овој член не смее да трпи никакви последици за изнесените ставови.

## V - ИЗБОРИ

Член 68

Постапката, начинот и критериумите за кандидирање и избор на членовите на органите и носителите на функции во органите се утврдуваат со одлука на Централниот одбор на СДСМ.

Постапката за кандидирање се остварува по предлог на членовите на СДСМ , со самокандидирање и на предлог на Претседателот, Секретарот и Извршниот одбор на СДСМ.

Кандидатот за: претседател на СДСМ, секретар на СДСМ и претседател на ОО на СДСМ, е должен да достави програма за работа на почетокот на кандидационата постапка до Извршниот Одбор на ЦО на СДСМ, односно до Извршниот Одбор на соодветната општинската организација.

Извршниот одбор на ОО на СДСМ доставува листа на кандидати на усвојување за Претседател на ОО на СДСМ, членови на Извршен одбор и Надзорен одбор до Извршниот одбор на СДСМ.

Извршниот одбор на СДСМ усвојува листа на кандидати и ја враќа на Извршниот одбор на Општинската организација.

Со одлука на Централниот одбор на СДСМ се утврдуваат критериумите и принципот на деакумулација на функции.

Член 69

Изборот на носителите на функции во СДСМ се врши со тајно гласање, освен ако не е со Деловникот уредено на друг начин.

Избрани се оние кандидати кои што добиле најголем број гласови, односно мнозинство од присутните, но притоа мораат да имаат повеќе од 1/3 гласови од вкупниот број на членовите на избирачкото тело.

Доколку во првиот изборен круг не биде избран ниту еден од кандидатите, во вториот изборен круг влегуваат двајцата кандидати коишто освоиле најголем број на гласови, а за избран се смета кандидатот којшто добил најголем број гласови, но тоа мора да биде повеќе од 1/3 од вкупниот број на гласачкото тело.

Доколку и по вториот изборен круг ниту еден од кандидатите нема да биде избран, постапката на избор се повторува со нова листа.

Член 70

Изборот на членовите на органите на СДСМ се врши со тајно гласање, освен ако не е со Деловникот уредено на друг начин.

Избрани се оние кандидати коишто добиле најголем број гласови, но притоа мораат да имаат повеќе од 1/3 гласови од вкупниот број на членовите на избирачкото тело.

Ако при гласањето не е избран потребниот број членови на органот, дополнително се избираат онолку кандидати колку што е потребно за да се пополни составот на органот, на начин кој што се определува со деловник или што ќе го утврди избирачкото тело.

Во сите органи на СДСМ мора да има најмалку 20% членови помлади од 32 години и најмалку 30% од обата пола.

Член 71

На органите им е изгласана доверба ако за доверба гласале повеќе од половината од присутните, но не помалку од 1/3 од вкупниот број на гласачкото тело.

Член 72

Органите на СДСМ за својата работа одговараат на Конгресот.

На предлог на Централниот одбор на СДСМ или 1/3 од Конгресот, Конгресот може да покрене прашање за доверба на органите на СДСМ, кои ги избира.

Долку органите избрани од Конгресот не добијат доверба им престанува мандатот, а своите функции ги извршуваат до рокот утврден за избор на нов состав.

Во случајот од ставот 3 на овој член, Конгрес мора да се одржи во рок од 30 дена.

Член 73

Органите на општинската организација за својата работа одговараат на Конференцијата.

На предлог на Извршниот одбор на ОО на СДСМ или на 1/3 од Конференцијата, Конференцијата може да покрене прашање за доверба на органите кои ги избира.

Долку органите избрани од Конференцијата не добијат доверба им престанува мандатот, а своите функции ги извршуваат до рокот утврден за избор на нов состав.

Во случајот од ставот 3 на овој член, Конференција мора да се одржи во рок од 30 дена.

Член 74

Доколку се изгласа недоверба на претседателот на СДСМ, во рок од 30 дена се свикува Конгрес, со нов избор на сите органи на СДСМ, избрани од Конгресот, чиј мандат трае 4 години.

Доколку се изгласа недоверба на другите органи во рок од 30 дена се свикува соодветниот орган кој ги избира, а мандатот на новите членови трае до крајот на постоечкиот мандат.

## VI - ПРАТЕНИЦИ И СОВЕТНИЦИ НА СДСМ

Член 75

Пратениците на СДСМ, избрани во Собранието на Република Македонија, формираат Пратеничка група во Собранието заради координирање на сопственото дејствување.

Член 76

Членовите на Пратеничката група од своите редови избираат координатор и еден или повеќе заменици на координатор.

Пратеничката група дејствува во согласност со правилата за работа што ги усвојува како свој деловник, а во согласност со одлуката на Централниот одбор на СДСМ.

Член 77

Пратеничката група најмалку двапати годишно поднесува извештај за својата работа пред ЦО на СДСМ и ја координира својата активност со ЦО на СДСМ кој донесува оценки и ставови во однос на прашањата што се предмет на парламентарните дебати.

Член 78

Советниците во советот на општината (Градот) од редовите на СДСМ формираат советничка група заради координирање на сопственото дејствување.

Членовите на советничките групи од своите редови избираат координатор и еден или повеќе заменици на координатори.

Советничките групи најмалку еднаш годишно поднесуваат извештаи за својата работа пред Извршните одбори на општинските организации на СДСМ, а Советничката група во Советот на град Скопје пред Градскиот одбор СДСМ - Скопје.

Советничките групи редовно ја координираат својата работа со оние органи кои донесуваат оценки и ставови во однос на прашањата што се предмет на расправа на советите.

## VII - СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА МЛАДИНА НА МАКЕДОНИЈА

Член 79

Социјалдемократската младина на Македонија е организација на младите, која дејствува во рамките на СДСМ и која ги прифаќа и остварува програмските документи на партијата.

Одлука за основање и распуштање на Социјалдемократската младина на Македонија, како организација на младите на СДСМ, донесува Централниот одбор на СДСМ.

Извршниот одбор на СДСМ носи одлука за усвојување на Статутот на СДММ и одлука за распишување и постапка за изборна конференција на СДММ.

Член 80

Членовите на Социјалдемократската младина на Македонија избираат сопствени органи на сите организациони нивоа и нивните претставници се директно вклучени во работата на органите на СДСМ.

Член 81

Организационата поставеност и односите во СДММ се регулираат со акт на СДММ, кој претходно го усвојува Извршниот одбор на СДСМ.

## VIII – КЛУБ НА ЖЕНИ НА СДСМ

Член 82

Клубот на жени е организација на жените, која дејствува во рамките на СДСМ и која ги прифаќа и остварува програмските документи на партијата и дејствува на полето на унапредување на статусот и положбата на жените.

Одлука за основање и распуштање на клубот на жени, како организација на жените на СДСМ, донесува Централниот одбор на СДСМ.

Член 83

Организационата поставеност и односите во клубовите на жени се регулираат со акт на СДСМ.

## IX - ФИНАНСИРАЊЕ НА ПАРТИЈАТА

Член 84

Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и неговите организациони облици стекнуваат финансиски средства и друг имот од:

- партиска членарина;
- донаторство и прилози од членови и симпатизери;
- други приходи од физички и правни лица;
- буџет на РМ;
- сопствена стопанска дејност, доколку е тоа дозволено со Закон.

Централниот одбор на СДСМ утврдува посебен правилник за материјално-финансиското работење на партијата.

## X - СТОПАНИСУВАЊЕ НА СДСМ, ИСТРАЖУВАЧКА И ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Член 85

Партијата, кога е тоа со закон дозволено, може да извршува стопанска и друга дејност.

Партијата може да биде основач и сооснивач на претпријатие или други организациони облици за вршење на стопанска или друга дејност, доколку е тоа дозволено со Закон.

Централниот одбор на СДСМ управува со имотот и го води работењето на партијата и во име на СДСМ ги исполнува правата и должностите што произлегуваат од положбата на основач на претпријатие или на друг вид стопанска дејност.

Престанокот на членувањето во СДСМ, престанокот со работа или распуштањето на организационите облици не дава никакви права врз имотот на СДСМ.

За успешноста на стопанисувањето на СДСМ е одговорно лице чии права и обврски се уредуваат со посебни акти и одлуки на Централниот одбор на СДСМ.

Член 86

Заради промоција на политичките ставови на партијата, СДСМ организира издавачка дејност која опфаќа: издавање книги, весници, списанија и други јавни гласила, како и научно - истражувачки организации, доколку е тоа дозволено со закон.

Одлука за основање на јавни гласила од став 1 на овој член донесува Централниот одбор на СДСМ, кој е носител на правата и обврските што, според закон, ги има издавачот.

Централниот одбор на СДСМ, со посебен општ акт, може да ги уреди прашањата во врска со издавачката дејност.

## XI - ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### Престанок на функцијата во органите на Партијата

Член 87

Функцијата во органите на партијата престанува поради отповикување или поднесување на оставка. Одлука за отповикување на член на орган или носител на функција донесува органот на соодветното ниво на организираност од страна на кој е извршен изборот, на начин на којшто се избрани членовите на органите или носителите на функции.

Во случај на отповикување, функцијата престанува во моментот на објавувањето на резултатите од гласањето за отповикување, а во случај на оставка со нејзиното констатирање од соодветниот орган.

Член 88

Предлог за отповикување може да поднесе Конференцијата на општинската организација на СДСМ, Извршниот одбор на соодветното организационо ниво и Централниот одбор на СДСМ.

Предлог за отповикување на член на СДСМ можат да поднесат претседателот на СДСМ или најмалку 1/3 од делегатите на Конгресот.

Член на Извршниот одбор на Централниот одбор на СДСМ се отповикува на начин на кој што е избран на таа функција, а предлогот може да го поднесат претседателот на СДСМ или Извршниот одбор на Централниот одбор на СДСМ.

Членот на органот или носителот на фукција, којштo со одлука е отповикан од должноста, има право на жалба во рок од 15 дена до Надзорниот одбор на СДСМ чија одлука е конечна.

Член 89

Оставката за престанок на функцијата се поднесува до соодветниот орган.

Подносителот на оставката има право и должност писмено или усно да ја образложи оставката.

### Распуштање на организационен облик на СДСМ

Член 90

Централниот одбор на СДСМ може да донесе одлука за распуштање на организационен облик на СДСМ заради целосно престанување на неговата работа или намалување на обемот на дејноста, заради неостварување на програмските, статутарните и политичките цели на партијата.

Против одлуката за распуштање може да се поднесе жалба од страна на органот на кој се однесува таа одлука, во рок од 15 дена.

Жалбата се поднесува до Надзорниот одбор на СДСМ чија одлука е конечна.

Член 91

Ако одделни органи на организационите облици на СДСМ и организации што дејствуваат во рамките на СДСМ не ги остваруваат програмските, статутарните определби и политичките цели на партијата, Централниот одбор

на СДСМ може да иницира или да свика седница на конференцијата на соодветното ниво заради гласање за доверба на органот и евентуално избор на нов орган.

До свикување на конференцијата од став 1 на овој член Централниот одбор на СДСМ може да именува привремено раководство.

**Стручна служба на партијата**

Член 92

Заради извршување стручни, административни и други работи партијата основа стручна служба.

Извршниот одбор на Централниот одбор на СДСМ ги донесува општите акти со кои се уредува организацијата и работата на Службата, како и одлуките сврзани со правата и обврските од работниот однос, доколку со овој Статут или со друг општ акт не е поинаку определено.

## XII - ПРЕСТАНОК НА СДСМ

Член 93

Социјалдемократскиот сојуз на Македонија може да престане да дејствува:

1. со одлука на Конгресот, за која е потребно 2/3 мнозинство од вкупниот број членови на Конгресот, а по претходна расправа во партијата;

2. кога бројот на членовите ќе се намали под законски определениот број за негово основање.

За престанок на СДСМ во случаите на став 1 точка 1 и 2 од овој член претседателот на партијата или лице кое го заменува, односно овластено лице од него го известува соодветниот суд во Скопје заради бришење на партијата од судскиот регистер.

Со одлуката за престанување со работа, Конгресот решава и на кого ќе му го даде (отстапи, подари) имотот на СДСМ - на државата ( фондови за социјална поткрепа), хуманитарни организации и сл.

## XIII - ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 94

Измените и дополнувањето на Статутот ги врши Конгресот на СДСМ, со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Член 95

Статутот стапува во сила со денот на донесувањето.

Член 96

Усогласувањето на одредбите од овој Статут мора да се изврши во рок од 6 (шест) месеци од денот на донесувањето.

Во меѓувреме, постапките ќе се спроведуваат според правилници донесени од страна на Централниот одбор.

Социјалдемократски Сојуз на Македонија
Претседател ,

Бранко Црвенковски